# Дневна хемеротека за *03.04.2015г.*

## МИА – *[Трибина за прогласување на дел од Шара за национален парк]*

ПЕТОК, 03 АПРИЛ 2015, 09:57:41

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Трибина за прогласување на дел од Шара за национален парк

### Трибина за прогласување на дел од Шара за национален парк

четврток, 02 април 2015 13:55



- Доколку дојде до прогласување на Шар Планина и од македонска страна за национален парк заедно со делот во Косово што веќе е национален парк ќе се создаде еден од најголемите заштитени региони во Европа и сигурно најголем во Источна Европа, истакна професорот Мелоски.

Во последните четири до пет години, појасни тој, се интезивираше процесот на институционално решавање со формирањето на меѓуресорската комисија во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање.

- Најглавен заклучок е дека треба да се обезбедат услови и средства за изготвување студија со потребните податоци за живиот свет, границите и зоните за заштита на Шара за што треба да се приберат средства и од државата и од странство. Постојните научни студии и податоци се премногу специјализирани од научна гледна точка за да можат да се применат во овој процес и затоа една ваква издржана студија многу ќе помогне во институционализирањето на процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, смета професорот Мелоски.

На трибината учествуваа преставници од повеќе невладини организации, локални самоуправи од Тетовско, како и претставници од германската организација Еко натур.
**ас/ев/13:53**

## Н.Македонија - Се бара поскоро прогласување на Шар Планина за национален парк

онлајн-издание број 23435 | четврток 2.4.2015
70 години НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

четврток, 02 април 2015, 15:17

*Македонија*

# Се бара поскоро прогласување на Шар Планина за национален парк

**Во Тетово се одржа трибина насловена „Шар Планина – предизвици за заштита и зачувување на природното богатство“ со која стручната јавност и невладиниот сектор упатија порака да се интензивира процесот на прогласување на Шара за национален парк. Иницијативата која е започната од пред речиси 20 години се уште не се реализира**



- Проблемот е во различни интереси што се се судираат со интересот за заштита на животната средина на Шара. Како пример е тоа што пуѓето и институциите што се занимаваат со сеча на дрва сметаат дека со прогласувањето на национален парк ќе се оневозможи легалната сеча но наша цел е дел од шумата да се заштити а дел да биде оставена за користење. Дел е и во непознавањето на месното население со придобивките од прогласувањето на национален парк и нивното информирање е еден од приоритетите бидејќи месното население на овој начин се стекнува за можност за дополнителна заработка преку одржлив туризам, одржливо користење на ресурсите , брендирање на производите и слично, изјави Диме Мелоски од Македонско еколошко друштво. Професорот Љупчо Меловски потенцира дека Шар Планина треба да ги заштити карактеристичните растенија и животни бидејќи во спротивно се заканува нивно исчезнување. -Во последните четири до пет години се интезивираше процесот но се уште ја нема главната студија според која ќе се прогласи Шара за национален парк. Постојните научни студии и податоци се премногу специјализирани од научна гледна точка за да можат да се применат во овој процес, вели професорот Меловски. Со прогласување на Шар Планина за национален парк ќе се создаде еден од најголемите заштитени региони во Европа со оглед дека делот на планината во Косово е под институционална заштита.

Автор:А.С.

**Вечер** - ***Шара да се прогласи за национален парк***

вечер

ТРИБИНА

# Шара да се прогласи за национален парк

2 април 2015 - 14:56

**Институтот за развој на заедниците од Тетово и Македонското еколошко друштво денеска организираа трибина насловена „Шар Планина – предизвици за заштита и зачувување на природното богатство".**



Трибината има за цел да ги обедини сите организации, институции, поединци на локално и национално ниво кои реализирале или реализираат активности поврзани со заштита и зачувување на природните вредности на Шар Планина во последните 15 години и да поттикне дебата за идните чекори и предизвици поврзани со Шара. Истовремено таа има за цел да се реактуелизира законскиот процес за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк.

- Проблемот е во различни интереси што се се судираат со интересот за заштита на животната средина на Шара. Како пример е тоа што пуѓето и институциите што се занимаваат со сеча на дрва сметаат дека со прогласувањето на национален парк ќе се оневозможи легалната сеча, но наша цел е дел од шумата да се заштити а дел да биде оставена за користење, изјави Диме Мелоски од Македонско еколошко друштво.

Дел од месното население, според Мелоски, има непознавање со придобивките од прогласувањето на национален парк и нивното информирање е еден од приоритетите.

- Месното население на овој начин се стекнува со можност за дополнителна заработка преку одржлив туризам, одржливо користење на ресурсите, бредирање на производите и слично, изјави Мелоски.

За универзитетскиот професор Љупчо Мелоски, живиот свет на Шара заслужува да биде заштитен поради својата ендемичност и уникатност создавана низ вековите поради големината и висината на планинскиот масив што особено во последните години е под закана за опстанокот од разни, пред се, економски интереси, нелегална сеча на шумите и слични дејства, што веќе покажуваат негативни ефекти.

- Доколку дојде до прогласување на Шар Планина и од македонска страна за национален парк заедно со делот во Косово што веќе е национален парк ќе се создаде еден од најголемите заштитени региони во Европа и сигурно најголем во Источна Европа, истакна професорот Мелоски.

Во последните четири до пет години, појасни тој, се интезивираше процесот на институционално решавање со формирањето на меѓуресорската комисија во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање.

- Најглавен заклучок е дека треба да се обезбедат услови и средства за изготвување студија со потребните податоци за живиот свет, границите и зоните за заштита на Шара за што треба да се приберат средства и од државата и од странство. Постојните научни студии и податоци се премногу специјализирани од научна гледна точка за да можат да се применат во овој процес и затоа една ваква издржана студија многу ќе помогне во институционализирањето на процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, смета професорот Мелоски.

На трибината учествуваа преставници од повеќе невладини организации, локални самоуправи од Тетовско, како и претставници од германската организација Еко натур.

## Канал5 - *Трибина за прогласување на дел од Шара за национален парк*

Институтот за развој на заедниците од Тетово и Македонското еколошко друштво денеска организираа трибина насловена „Шар Планина – предизвици за заштита и зачувување на природното богатство“.

## Lider - *Трибина за прогласување на дел од Шара за национален парк*

Институтот за развој на заедниците од Тетово и Македонското еколошко друштво денеска организираа трибина насловена „Шар Планина – предизвици за заштита и зачувување на природното богатство“.

## Курир - *Трибина за прогласување на дел од Шара за национален парк*

Институтот за развој на заедниците од Тетово и Македонското еколошко друштво денеска организираа трибина насловена „Шар Планина – предизвици за заштита и зачувување на природното богатство“, пренесува МИА